# ДОГОВОР

**за пренос на удел**

**заклучен на ден 24.02.2007 година, меѓу**

**1.**[redacted] **од Скопј**[redacted] **со ЕМ**[redacted]
како преносител на удел ( во натамошниот текст: преносител). и

**2.Благој Механџиски, од Скопје,** [redacted] со ЕМБГ [redacted], како приматели на удел (во натамошниот текст: примател).

**Член 1**

Предмет на овој договор е пренос на удел со надомест во висина на номиналната вредност по 1 (едно) евро за 1 (еден) удел.

**Член 2**

Преносителот е сопственик на удел од **2079 Евра**, во Приватната здравствена установа Градска аптека СКОПЈЕ Скопје со седиште на ул.„ Даме Груев /Градски зид/ блок 4 локал 7 Скопје, запишан во книгата на удели и регистриран во Регистарот при Централниот регистар на Република Македонија Скопје, што го докажува со потврда, издадена од Градска аптека СКОПЈЕ Скопје.

**Член 3**

Договорните страни се договорија за следното:
Преносителот му го пренесува својот удел опишан во член 1 од овој Договор на примателот, а примателот го прима уделот во износ од **2079 евра,** од кои **894 евра** се исплатени ,а останува за плаќање **1185 евра**. Плаќањето ќе се изврши во денарска противредност по средниот курс на НБ РМ на денот на исплатата на штедната книшка на преносителот во Тутунска банка А.Д Скопје, по потпишувањето и заверката на овој договор пред Нотар.

**Член 4**

Со овој договор примателот може пренесениот удел да го запише на свое име во регистарот на Централниот регистар на Република Македонија Скопје.

**Член 5**

Во случај на спор надлежен е Основниот суд Скопје 1 Скопје.

**Член 6**

Договорот е составен во 5(пет) еднообразни примероци, по 1 (еден) примерок на пренесувачот, примачот, Централен регистар, Градска аптека СКОПЈЕ Скопје, и нотар.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**ПРЕНОСИТЕЛ** **ПРИМАТЕЛ**

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФУНКЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ